**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), се доставува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 30.04.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 1970/1 | | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Нова Македонија“ (www.novamekedonija.com.mk)

3. **Датум на извршување на надзорот:** 30 април 2026 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, според која издавачите на онлајн медиуми-интернет портали се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, да и доставаат податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, остварените вкупни приходи и расходи во претходната година од обезбедувањето на дејноста и за вкупниот број на вработени односно ангажирани лица.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје не ја исполни во целост обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Документот за регистрација на странското правно лице, основач на издавачот на онлајн медиумот – интернет порталот, којшто го достави Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, не е оригинал и е постар од 15 дена од денот на доставување во Агенцијата, односно е од септември 2025 година.

8. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), а согласно член 15 став 7 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Друштвото за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст - бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година), да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - јавна опомена, да го усогласи своето работење со член 15 став 3 од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***